ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА ДЕЛ ОД ЕЛЕМЕНТИТЕ НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ ЗА 2018 ГОДИНА НА ФОНД НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

01 2019 02 02

**Скопје, декември 2019 година**

# С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 29 |
| Финансиски извештаи за 2017 и 2018 година | |
| Биланс на приходи и расходи | 30 |
| Биланс на состојба | 31 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| - Вовед | 32 -34 |
| - Сметководствени политики | 35- 36 |
| - Образложенија кон финансиските извештаи | 36 - 38 |

Прилози

Прилог 1 - Известување за извршена проверка на преземените мерки од страна на субјектот предмет на ревизија, во врска со утврдените состојби и дадените препораки содржани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор број 02-3843/1 од 31.08.2018 година,

Прилог 2 – Известување заведено под број 16 – 136/7 од 23.09.2019 година

**Кратенки користени во извештајот:**

Фондот - Фонд за пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија;
РСМ - Република Северна Македонија;
ПИО – Пензиско и инвалидско осигурување;
УО – Управен одбор;
МТСП - Министерството за труд и социјална политика;
УЈП – Управа за јавни приходи;
АВРСМ – Агенција за вработување на Република Северна Македонија;
ФЗОРСМ - Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија;
Закон за ПИО - Закон за пензиско и инвалидско осигурување ;
Закон за ЗКФПО - Закон за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување ;

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

**Број: 16-136/8**
**Дата: 24.12.2019**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на дел од елементите на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2018 година на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија и тоа на позициите Побарувања од Биланс на состојба на ден 31 декември, и на позициите Даночни приходи, Трансфери и донации и Социјални бенефиции од Билансот на приходи и расходи.

Ревизијата се воздржува од давање на мислење за вистинитоста и објективноста на дел од елементите од финансиските извештаи и резултатите од финансиските активности, како и за усогласеноста на активностите и финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики за 2018 година.

Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Фондот за 2017 година и изразено е мислење со резерва во однос на вистинито и објективно прикажување на финансиската состојба и резултатите од финансиските активности во финансиските извештаи, како и за усогласеноста на активностите и финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики.

Со ревизијата за 2018 година беше опфатено и спроведувањето на препораките дадени во Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор за 2017 година кој е даден како прилог кон овој извештај. Дел од препораките се спроведени, а останатите препораки кои се наоѓаат во различна фаза на реализација опфатени се и во овој Извештај.

Со извршената ревизија на елементите на финансиските извештаи за 2018 година ревизијата утврди дека:

- Учеството на изворните приходи од наплатениот придонес од ПИО секоја година во континуитет бележи пад во однос на средствата кои се одвојуваат од Буџетот на РСМ. Издвоените средства од Буџетот на РСМ постојано се

зголемуваат и во 2018 година за покривање на дефицитот трансферирани се средства во износ од 29.399.000 илјади денари.

- Воспоставениот систем за утврдување, контрола и наплата на придонес не се базира на целосно ажурно и точно интегрирање и навремена размена на податоци од институциите, што влијаат на комплетноста на приходите, како и на ликвидноста на Фондот и одржливоста на пензискиот систем.
- Поради некомпатибилноста на базите на податоци, несоодветната соработка со институциите во размената на податоците како и грешките при внесот на податоци на сметката на Фондот континуирано се јавуваат голем број неконзистентни уплати на придонес. Од истите причини се јавувале невалидни пријави, поради што дел од осигурениците не се распоредувале во вториот пензиски столб. Во отсуство на законски дефиниран рок во кој треба да бидат обезбедени податоците за разрешување на овие состојби, проблемот се провлекувал повеќе години. За расчистување на утврдените состојби по направена анализа донесени се законски измени кои се спроведуваат во 2019 година.
- Поради несинхронизираност, неажурност и непотполност на податоците од различни институции кои претставуваат влезни информации, побарувања по основ на неплатен придонес се нереално прикажани и за дел од истите не постои извесност за наплата.
- Во отсуство на кадар, активностите во ИТ секторот се насочени најмногу кон обезбедување поддршка на дизајнираните процеси, додека развојната компонента не е доволно застапена и не е обезбедено целосно поврзување и интегрирано преземање на податоците од различните апликации.
- Слабостите во чување и архивирање на податоците во матичната евиденција го оневозможуваат целосното потврдување на веродостојноста и целосноста на регистрираните податоци, потребни за остварување на правата од ПИО. Исто така нарушено е и се доведува во прашање остварувањето на личните и материјални долгорочни права на дел од осигурениците кои немаат механизми за докажување на платен придонес за одреден период во осигурување.
- Воспоставениот систем на остварување на правата од ПИО и исплатата на пензиите не секогаш обезбедува точност и навременост во постапката и нема доволно контроли за покривање на ризикот од неправилна примена на одредбите од законските и подзаконските акти и интерните акти и процедури.

За констатираните состојби ревизијата даде препораки со цел да се надминат утврдените состојби во наредниот период.

Во делот на останати прашања презентирани се податоци кои се однесуваат на влијанието на одредени законски решенија кои го доведуваат во прашање почитувањето на законското начело на социјална праведност во остварувањето на правата од првиот пензиски столб.

Законскиот застапник на Фондот на ден 23.09.2019 година достави известување до Државниот завод за ревизија со кое укажува дека ревизорскиот извештај ја прикажува објективната состојба во Фондот.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на дел од елементите на финансиските извештаи **и** ревизија на усогласеност на Фондот на страна 30 и 31, и тоа на позициите Побарувања од Биланс на состојба на ден 31 декември, и на позициите Даночни приходи, Трансфери и донации и Социјални бенефиции од Билансот на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон истите.

1.2. Ревизијата на дел од елементите на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој Извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Фондот за 2017 година и изразено е мислење со резерва во однос на вистинито и објективно прикажување на финансиската состојба и резултатите од финансиските активности во финансиските извештаи како и за усогласеноста на активностите и финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој Извештај се одговорност на раководството на Фондот застапуван од:

- Шаип Зенељи, директор.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за дел од елементите на финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во дел од елементите

на финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ИССАИ). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Заради прашањата опишани во точката 4 не бевме во можност да обезбедиме достатни и соодветни ревизорските докази како основа за изразување на ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали деловите од елементите на финансиските извештаи и тоа Побарувања од Биланс на состојба на ден 31 декември, и Даночни приходи, Трансфери и донации и Социјални бенефиции од Билансот на приходи и расходи, се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали истите се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

2.2. Делот од елементите на финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија.

**2.3.** Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 07.03.2019 до 24.06.2019 година кај Фондот од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Ревизијата од точка 1.1. погоре опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2018 година.

Со ревизијата на преземените мерки по дадените препораки, ревизијата констатира дека Фондот има преземено мерки за имплементација на дадените препораки. Резултатите се презентирани во Прилог бр. 1 кој е составен дел на овој Извештај.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој Извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 26.06.2019 година.
Законскиот застапник на Фондот на ден 23.09.2019 година достави известување до Државниот завод за ревизија со кое укажува дека ревизорскиот извештај ја прикажува објективната состојба во Фондот.

Констатирани се следните состојби:

**Финансиски извештаи**

### 4.1. Приходи

**4.1.1.** Согласно Законот за ПИО, средствата потребни за остварување на правата од ПИО се обезбедуваат преку наплатениот придонесот за ПИО согласно одредбите на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, како и од Буџетот на РСМ.
Вкупните приходи на Фондот во 2018 година изнесуваат 68.645.000 илјади денари, а нивната структура е дадена во Графиконот бр.1.

**Графикон бр.1. Структура на приходи на Фондот**




Учеството на изворните приходи од наплатен придонес секоја година се намалува во однос на средствата кои се одвојуваат од Централниот Буџетот на РСМ, кои пак континуирано се зголемуваат, при што, учеството на истите во вкупните приходи се движи од 35,7 % во 2011 година до 43 % во 2018 година. Во 2018 година за покривање на дефицитот трансферирани се средства во износ од 29.399.000 илјади денари.

Утврдената состојба е резултат на стапката на невработеност, законските решенија за ослободување и повластено плаќање придонес, неповолниот сооднос на бројот на вработени и пензионери (1,83 вработени на еден пензионер), висината на стапката на придонес за задолжително ПИО која согласно законските решенија за Фондот изнесува 18%[1] заклучно со 2018 година.

Со донесување на Законот за придонеси за задолжително социјално осигурување, од 01.01.2009 година се воведе систем на интегрирана наплата на приходи од придонеси, согласно кој контролата, утврдувањето, наплатата, присилната наплата, застареноста и отпишувањето на придонесите ги врши УЈП. Согласно членовите 21 и 23 од овој Закон, УЈП и институциите за задолжително социјално осигурување имаат обврска за размена на податоци за обврзниците за плаќање на придонесите, обврзниците за пресметка и уплата на придонесите, основиците на придонесите, износите на пресметани, наплатени и ненаплатени придонеси и др.

Податоците за пријава и одјава од осигурување се добиваат од АВРСМ, податоците за статусот на обврзниците што ги води Централниот регистар Фондот ги добива од УЈП, а податоците за плата и придонеси кои се доставуваат од страна на обврзникот Фондот ги добива директно од УЈП.

За размена на овие податоци и исполнување на оваа законска обврска, УЈП, ФЗОРСМ, Фондот и АВРСМ имаат склучено меѓусебен Договор за евидентирање и следење на побарувањата и Меморандум за соработка.

[1] 18,4% од 01.01.2019 година

Со направената анализа на документацијата, како и размената на податоците и комуникацијата помеѓу институциите во системот поврзани со наплата на придонесот, го констатиравме следното:

- склучениот Договор не е во согласност со наведените одредби од Законот, односно со истиот не е наведена обврската УЈП до претходно наведените институции да ги достави законски утврдените информации и податоци поврзани со придонесите;
- податоците за ненаплатените придонеси кои УЈП ги доставува до Фондот се нецелосни, поради тоа што се однесуваат само на неплатениот придонес на обврзниците кои доставиле пресметка и извршиле пријавување на висината на износот кој имаат обврска да го уплатат во УЈП;
- постоењето на повеќе паралелни бази на податоци за сите обврзници за плаќање придонес во различните институции, кои се разликуваат меѓусебно[2] и различниот третман при регистрација на одредени категории осигуреници (индивидуални земјоделци, свештени лица и други физички лица) ја оневозможува (ограничува) контролата на УЈП за комплетноста и точноста на утврдениот и наплатен придонес.

Може да се констатира дека воспоставениот систем за утврдување, контрола и наплата на придонес не се базира на целосно ажурно и точно интегрирање и навремена размена на податоци од институциите, што не е во согласност со одредбите на Законот за придонеси за задолжително социјално осигурување.

Имајќи ги предвид постоечките законски решенија, со кои не е предвидено активно учество на Фондот во креирање на политиките кои се однесуваат на приходите од придонес и утврдените состојби при наплата на придонесот, може да се констатира дека Фондот не може значајно да влијае на зголемувањето на изворните приходи.

Наведените состојби влијаат на комплетноста на приходите, како и на ликвидноста на Фондот и одржливоста на постоечкиот систем на ПИО.

Во тек е спроведување реформа со која се опфатени повеќе сегменти на пензискиот систем, а влијанието на истата врз висината на приходите на Фондот ќе може да се оцени во наредниот период.

[2] Податоци за број на осигуреници согласно Годишни извештаи за работа за 2018 година на:
- ФЗОРСМ – 569.618 лица;
- ФПИОРСМ – 578.023 лица;
- АВРСМ - 185.237 М1 обрасци;
- УЈП - 579.681 МПИН обрасци.

По повеќегодишно инсистирања на Фондот, во текот на 2019 година во системот на УЈП креирана е можност за корекции на податоци по службена должност од страна на Фондот. На овој начин се очекува дека ќе се постигне разрешување на проблемите при генерирање и утврдување на податоци за стаж, односно за обезбедување на правата на осигурениците и поголема наплата на придонесот.

Во тек е проект поддржан од страна на Светска Банка, со кој се прави анализа за воспоставување единствен заеднички централен систем на регистар – ЕЗСР и база на податоци која ќе содржи евиденција на осигурување на сите осигурени лица. Системот би го користеле сите институции вклучени во системот на социјалното осигурување како и УЈП, со што се очекува да се надминат голем дел од утврдените проблеми во системот.

**Препораки**

Органите на управување и раководење на Фондот во соработка со надлежното Министерство да ги разгледаат можностите за поактивно учество на Фондот во креирањето на политиките и носењето на законски решенија кои се однесуваат на системот на ПИО.

Органите на управување и раководење на Фондот да продолжат со иницијативите за унапредување на соработката со институциите во системот на социјално осигурување и преземање активности за потпишување нов договор со УЈП, во кој ќе бидат вклучени сите потребни податоци пропишани согласно Законот за придонеси за задолжително социјално осигурување.

**4.1.2.** При уплатите на придонесите на сметката на Фондот континуирано се јавуваат голем број неконзистентни (неидентификувани и неалоцирани) износи на придонес кои не се распоредуваат автоматски. Ова се должи на некомпатибилноста на базите на податоци, несоодветната соработка со институциите во размената на податоците како и грешките при внесот на податоци. Согласно Законот за ЗКФПО и Законот за ПИО од 01.01.2006 година во надлежност на Фондот е и да ги собира, контролира и распределува придонесите и осигуреници помеѓу првиот и вториот пензиски столб.

Со направените анализи на распределбата на придонесот го констатиравме следното:

- за разрешување на некозистентните уплати, донесено е Упатство[3], но не е донесена Процедура за процесот за разрешување на неидентификувани и неалоцирани уплати на придонесот од ПИО;

[3] Упатство за разрешување на неконзистентни уплати

- неконзистентните уплати најчесто се однесуваат за работа со скратено време и времено ангажирани лица за кои Фондот нема добиено соодветни пријави/одјави за вработување и регистрација на обврзник, пресметки со неточни податоци или со промени во матични броеви или пак погрешно (повеќе или помалку) уплатени средства од обврзниците. Иако во електронскиот систем еднаш неделно се генерира Извештај за неконзистентни уплати кои поединечно треба да се решат и распоредат по осигуреници од страна на вработените во подрачните единици на Фондот, расчистувањето на истите е неажурно и некомплетно поради ненавремено обезбедување на соодветни податоци. Ова е потврдено и со Конечниот извештај на внатрешниот ревизор на Фондот за извршената ревизија на процесот за разрешување на неидентификувани и неалоцирани уплати на придонес од ПИО во 2018 година.

Со направените анализи на регистрацијата и распределбата на осигурениците и придонесите во вториот пензиски столб го констатиравме следното:

- И покрај значајните надлежности кои Фондот ги има согласно Законот за ЗКФПО, не е воспоставена посебна организациона единица која би ги извршувала истите. Поради тоа, голем дел од овие надлежности не се спроведувале во целост и не се вршело порамнување на податоците од надлежните институции за наплата на придонесот и контрола на членството во вториот пензиски столб. Во февруари 2019 година на четири лица распоредени на други работни места, дадени им се задолжување за распределба на осигурениците во вториот пензиски столб и овластување за координација на пренесувањето на придонесот за членовите во вториот пензиски столб;
- Со воведување на системот за ЗКФПО од 01.01.2006, поради грешките при пополнување на обрасците и несоодветна комуникација со АВРСМ се јавувале невалидни пријави, поради што дел од осигурениците не се распоредувале во вториот пензиски столб. Од вкупниот број нераспоредени осигуреници (12.103 на 31.12.2018 година), повеќе од половина се појавиле на почетокот на воведување на системот, кога е извршено и најголемото префрлување од првиот во вториот пензиски столб на членовите кои ги исполнуваат законските услови.

  Најголем проблем во системот предизвикал законскиот критериум за распределба вграден во електронскиот систем на Фондот, а тоа е датумот на прво вработување (после 01.01.2003 година). Имено, електронскиот систем на Фондот не ги препознавал, односно не ги распоредувал во вториот пензиски столб осигурениците:

  - за кои во пријавите М1 е испуштен датумот на прво вработување или постоела неусогласеност меѓу датумот на почеток на осигурувањето со датумот на почеток на работењето на работодавачот. Со донесување на

подзаконски акт[4] со кој е пропишана нова форма на пријавата М1/2 од страна на МТСП и со воспоставување на дополнителна контрола на податокот за првото вработување во базата на податоци на Фондот, од 2009 година, се намалува бројот на осигуреници кои останале нераспределени во вториот пензиски столб;

- кои имаат промени на ЕМБГ поради промена на државјанство кое што предизвикува проблеми и во наплатата на придонес и во регистрацијата на податоците за осигурениците;
- кои се опфатени со кратки вработувања, најчесто реализирани преку Агенциите за привремени вработувања и кои во моментот на распределба во вториот пензиски столб (се врши еднаш неделно) немаат активно осигурување;
- вработени по договор за дело во периодот кога истиот претставуваше основ за прием во осигурување, како и вработени преку субвенционираните вработувања.[5]

Отсуството на законски дефиниран временски рок во кој Фондот треба да обезбеди податоци за разрешување на невалидните регистрации и неконзистентните уплати и да изврши распределба на осигурениците и пренесување на придонесите во вториот пензиски столб, придонело проблемот да се провлекува повеќе години. И покрај тоа што од страна на Фондот и надлежното Министерство се воочени проблемите со нераспоредени осигуреници и се преземани одредени мерки за намалување на бројот за настанување нови, до крајот на 2018 година не се преземани активности за префрлање на истите во вториот пензиски столб, а средствата уплатени по основ на придонес за овие осигуреници останале на сметката на Фондот.

На 31.12.2018 година вкупниот износ на неидентификувани и неалоцирани уплати изнесува 111.407 илјади денари, бројот на констатирани нераспоредени осигуреници изнесува 12.103 лица[6], а состојбата на уплатен придонес од потенцијално нераспределени осигуреници изнесува 918.534 илјади денари, односно 14.936 илјади евра. Во овие пресметки не е пресметан износ на приносот на средства кој требало да го добијат осигурениците на индивидуалните сметки.

Наведеното влијае одреден број на осигуреници да не се во можност да ги остварат правата од ПИО утврдени со Законот за ЗКФПО, на оплодување на нивните средства/остварување принос и создава ризик со средствата на нераспоредените осигуреници да се врши тековна исплата на пензии а во буџетот на Фондот се прикажува помал дефицит од реалниот.

[4] Правилник за формата, содржината и начинот на поднесување на обрасците на пријави за матична евиденција (Сл. весник на РМ бр. 148/2008)

[5] Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност (Сл. весник на РМ бр.44/2014);

[6] Информација за причини поради кои не се распределени осигурениците во вториот столб .

Со креираната можност за корекции на податоци по службена должност од страна на Фондот, во системот на УЈП во текот на 2019 година се очекува дека ќе се постигне значително намалување и разрешување на неконзистентните уплати.

За надминување на утврдените состојби во мај 2018 година, формирана е Комисија за спроведување на реформи во пензискиот систем со претставници од засегнатите институции, врз основа на чии анализи и Информација на крајот на 2018 година направени се повеќе законски измени[7] со примена од 01.01.2019 година.

За надминување на наведената состојба предвидени се одредби со кои:

- нераспределените осигуреници се распоредени во вториот пензиски столб, а средствата по основ на надоместокот за ПИО и приносот на средства кој требало да го добијат осигурениците на индивидуалните сметки се обезбедени од средствата од Централниот буџет. По овој основ на сметка на приватните фондови до денот на ревизијата од страна на Фондот уплатени се 2.354.989 илјади денари;
- воспоставени се повеќе критериуми за непречено вршење на точна распределба на членството и променет е условот за задолжително членство;
- дефиниран е рок не подолг од три месеци во кој Фондот има обврска да обезбеди соодветни податоци и да изврши распоредување на осигурениците и пренесување на придонесите на членовите во вториот пензиски столб. Предвидено е и плаќање надоместок за ненавремено пренесување на придонесите и
- воведени се нови критериуми за членство во вториот пензиски столб поради што во првиот пензиски столб треба да се вратат околу 30.000 осигуреници, кои согласно новите законски одредби се задолжителни членови само на првиот столб[8]. Придонесот и приносот за овие осигуреници приватните пензиски друштва треба да ги уплатат на сметката на Фондот, а до денот на ревизијата (07.06.2019) висината на уплатените средства изнесува 1.048.594 илјади денари.

**Препорака**

Органите на управување и раководење на Фондот во соработка со надлежните органи да ги интензивира активностите за разрешување на состојбите со неалоцираните и нераспоредените средства по основ на уплатен придонес за пензиско и инвалидско осигурување.

---

[7] Закон за ПИО, Закон за изменување и дополнување на Законот за ЗКФПО (Сл. весник на РМ бр.245/2018), Закон за изменување и дополнување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување (Сл. весник на РМ бр.247/2018);

[8] Родени пред 01.01.1967 година и осигуреници со бенифициран стаж.

## 4.2. Побарувања од неплатен придонес

Во Билансот на состојба на Фондот на 31.12.2018 година, прикажана е позиција побарувања во вкупен износ од 12.910.246 илјади денари која изнесува 48% од вкупната актива.

Побарувањата по основ на неплатен придонес во вкупните побарувања учествуваат со 83% со вкупен износ од 10.764.398 илјади денари. Истите се однесуваат на побарувања кои настанале до 31.12.2008 година во вкупен износ од 6.517.973 илјади денари, чија наплата е во надлежност на Фондот и побарувања кои настанале од 01.01.2009 до 30.09.2018 година во износ од 4.246.426 илјади денари чија наплата е во надлежност на УЈП.

Со увид во сметководствената евиденција и направената анализа на расположливата документација поврзана со побарувањата го констатиравме следното.

- податоците за ненаплатените придонеси од 01.01.2009 година кои УЈП согласно склучениот Договор за евидентирање и следење на побарувањата ги доставува до Фондот се нецелосни, поради тоа што се однесуваат само на утврдениот неплатен придонес на обврзниците кои доставиле пресметка во УЈП и тоа само за првите три квартали од годината. Имено, во Законот за придонеси за задолжително социјално осигурување не е предвидена обврска за евидентирање на побарувањата од оние обврзници за пресметка и уплата на придонеси за социјално осигурување кои воопшто не доставиле пресметка и не извршиле пријавување на висината на износот кој имаат обврска да го уплатат во УЈП. Со измените и дополнувањата на член 23 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување од октомври 2016 година, УЈП може да врши утврдување на придонесите по службена должност во случај кога обврзникот за пресметка и уплата на придонеси не поднел месечна пресметка.

  Оваа законска измена е имплементира во МПИН апликацијата и е овозможено апликативно изготвување Преглед-извештаи за неплатени придонеси, врз основа на што може да се изготвуваат опомени за неплатени придонеси до правните субјекти кои не поднеле пресметка.
- Поради несинхронизираност, неажурност и непотполност на податоците од различни институциите кои претставуваат влезни информации врз основа на кои е утврден вкупниот износ на побарувања по основ на неплатен придонес и отсуството на прецизни податоци за износот и периодот на задолжување на осигурениците во Фондот, постои ризик износот на утврдениот неплатен придонес кој се однесува на периодот до 31.12.2008 година да е некомплетен и истиот да не може да се потврди;
- И покрај тоа што со Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување наплата на овие побарувања е дадена на Фондот, со Законот за ПИО донесен во 2012 година со кој се прецизно дефинирани неговите

надлежности не се предвидени активности поврзани со наплата на овие побарувања. Поради тоа може да се констатира дека единствен механизам кој Фондот го има за наплата на овие побарувања е блокирање на сметките на обврзниците во управна постапка, за разлика од УЈП која за ненаплатените побарувања од 2009 година може да врши конфискација на имот. Од друга страна, Фондот се соочува со проблеми за располагање со имотот стекнат од стечајни постапки и распределба на истиот по осигуреници;

- Најголем дел од овие побарувања се однесуваат на обврзници кои се во ликвидација или стечај или со блокирани сметки во мирување и нивната наплата е неизвесна. Врз основа на добиени податоци од Централен регистар со Одлуки од Управниот одбор на Фондот дел од овие побарувања по основ на ненаплатливост се избришани од сметководствената евиденција, но поради неажурност на податоците од Централен регистар голем дел од побарувањата кои се ненаплатливи се уште се наоѓаат во евиденцијата на Фондот. Во 2018 година по овој основ отпишани се побарувања во износ од 1.203.999 илјади денари.
- Дополнително влијание на неизвесноста за наплата на овие побарувања е законската одредба во Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување со која придонесите имаат третман на јавна давачка чија застареност настапува во рок од 10 години согласно Законот за даночна постапка. Доколку оваа одредба се примени на побарувања по основ на неплатен придонес кои настанале до 31.12.2008 година, на 31.12.2018 година истите имаат апсолутна застареност.

  И покрај поднесената иницијатива од страна на Фондот[9] за измена и дополнување на наведениот закон во насока на промена на третманот на придонесите, односно истите да имаат карактер на средства за лична потрошувачка и наплатата на истите да не застарува, истото не е направено.
- Во текот на 2018 година продолжена е постапката за наплата на придонеси од обврзниците кои до крајот на 2015 година поднеле барања за отпис на камата и на кои согласно Законот за отпис на камата им било одобрено заостанатиот долг да го платат на 36 еднакви месечни рати. За периодот од 2015 година, биле донесени решенија за отпис на вкупно утврдена камата во износ од 269.995 илјади денари, од кој заклучно со 31.12.2018 година бил платен износ од 67.395. илјади денари, што претставува само 24.97%[10] од утврденото побарување по донесените решенија за отпис на камата.

Некомплетноста на податоците и неможноста за наплата на побарувањата по основ на придонес влијае на ликвидноста на Фондот како и остварување на правата од ПИО и висината на пензиската основица на осигурениците. Пропустите и проблемите при утврдувањето и наплата на придонесот се согледуваат многу подоцна при остварувањето на правото и се јавуваат

[9] Информација до Влада на РМ Бр. 10-4760/2 од 03 ноември 2017 година

[10] Од утврдената основица / главен долг.

потешкотии за надминување на истите. Особено што во минатиот период осигурениците немале механизам за информирање за редовноста на плаќање на придонесот од страна на работодавачите.

Наведеното влијае врз реалноста на прикажаните побарувањата по основ на неплатен придонес во Билансот на состојба и за дел од истите не постои извесност за наплата што не е во согласност со членовите 19 и 22 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и одредбите на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување.

**Препораки**

Органите на управување и раководење на Фондот да продолжат со иницијативите:
- за обезбедување податоци од надлежните институции за утврдување на реалната состојба на наплатливите побарувања.
- за наплата на побарувањата од задолжителен придонес за ПИО.

## 4.3. Информациски систем

Техничката обработка и организација на податоците и информациите за осигурениците, корисниците на правата и обврзниците за уплата на придонесот кои се користат за остварување на правата од ПИО се спроведува преку информацискиот систем на Фондот. Во истиот функционираат повеќе одделни или меѓусебно поврзани апликации и модули кои се користат од речиси сите вработени во централата и 30 подрачни единици. Во исто време дел од апликациите се поврзани и со информациски системи на други институции заради размена на податоци за: пријави и одјави за осигурување, обврзници за плаќање придонес, плати и придонеси за осигурениците, исплата на пензиите на трансакциски сметки, трансфери до вториот пензиски столб и други.

Со извршената ревизија во делот на воспоставениот информациски систем, интерните акти, пропишаната организациона структура и системот на дел од внатрешните контроли кои ги применува Фондот го констатиравме следното:
- Секторот за ИТ, во последните години се соочува со перманентен одлив на вработени, по стекнување на одредено искуство и обуки, така што од систематизирани 50 работни места, пополнети се 26 работни места, од кои 10 информатичари, 5 help desk техничари и 13 вработени на скенирање, контрола и архивирање. Иако изворниот код за информацискиот систем е во сопственост на Фондот, поради недоволен број стручни кадри, вработените во ИТ секторот се насочени кон обезбедување поддршка на дизајнираните процеси, а развојната компонента не е доволно застапена;
- не е обезбедено целосно поврзување и интегрирано преземање на податоците од различните апликации за наплата на придонес, исплата на пензии и

трансфери со апликацијата за финансиско работење, заради нивно автоматско евидентирање и соодветно прикажување во деловните книги на Фондот;

- И покрај значајноста на базата на податоци во информацискиот систем и сложеноста на процесите кои се одвиваат во Фондот не е донесена ИТ стратегија за развој на информацискиот систем, стратегија за заштита на податоци, стратегија за функционирање на системот по евентуални катастрофи и план за закрепнување од катастрофа, согласно стандардите за информациска безбедност.

Наведените состојби не се во согласност со Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и Законот за ПИО и влијаат врз навременото извршување на активностите и го доведуваат во прашање и функционирањето на информацискиот систем и ажурноста и точноста на воспоставените системи и евиденции. Отсуството на стратешки документи преставува ризик дека управувањето со ИТ ресурсите нема да биде во линија со приоритетите за развој на Фондот, идентификување на ИТ можностите, капацитетите и човечките ресурси.

**Препораки**

Органите на управување и раководење на Фондот да преземат соодветни мерки и активности за:

- обезбедување на потребните кадровски капацитети во Секторот за ИТ во соработка со надлежното министерство;
- целосно интегрирање и автоматизирање на процесите и
- изготвување на документ за стратешко планирање за развој на информацискиот систем.

### 4.4. Актуарска единица

Во рамките на Секторот за финансиски прашања согласно актите за организација и систематизација на Фондот, во одделението за буџетска координација е формиран отсек за актуарство со систематизирани 3 работни места и 1 раководител, кои од 2012 година не се пополнети.

Поради непополнетост со стручен и обучен кадар во отсекот изостанува реализирањето на активностите во делот на изготвување актуарски анализи за состојбите во пензискиот систем, врз основа на претпоставките за очекуваните демографски и економски развојни трендови и различните претпоставки на политиката за пензии и изготвување на актуарски извештаи. Дел од овие активности се спроведуваат од страна на останатите одделенија во Секторот за финансиски прашања. Ваквиот начин на поставеност на активностите и нефункционирањето на отсекот за актуарство довело до прекин на континуирано проектирање на состојбите во пензискиот систем и изготвување

актуарски анализи и проекции за секоја предлог измена во Законот за ПИО и влијанието на другата законска и подзаконска регулатива на пензискиот систем и истото не е во согласност со актите за организација и систематизација на Фондот.

**Препорака**

Органите на управување и раководење на Фондот во соработка со надлежното министерство да преземат активности за обезбедување пополнетост на актуарската единица и непречено функционирање на истата.

### 4.5. Расходи за исплатени пензии

Во Билансот на приходи и расходи на Фондот на 31.12.2018 година прикажана е позиција Социјални бенефиции во вкупен износ од 68.153.124 илјади денари кои претставуваат 99% од вкупните расходи на Фондот. Структурата на истите дадена е во Графиконот бр.2.
Во овие расходи вкупно исплатените пензии за 2018 година учествуваат со 79% односно 53.912.048 илјади денари,

**Графикон бр.2. Структура на позиција Социјални бенефиции**




Постапката за утврдување на правото и обработката на барањето до донесување на решение за стекнување на правата се врши во подрачните единици на Фондот. Исплатата на пензиските примања се одвива преку воспоставениот електронски систем во централата на Фондот. За уредување на овие активности донесени се повеќе интерни акти.

Констатациите од направената анализа на законитоста на спроведување на овие активности и точноста на прикажаните податоци се прикажани подолу.

### 4.5.1. Матична евиденција

Фондот воспоставува и води матична евиденција која содржи податоци потребни за остварување на правата од ПИО. Во различни периоди во минатото имајќи го предвид брзиот технолошкиот развој, користени се повеќе видови технологии и технички средства за архивирање на документацијата и внес на податоци во базата на податоци за матична евиденција.

Од извршениот увид во презентираната документација, условите и начинот на кој се архивираат и чуваат податоци во матичната евиденција и користењето на податоците во процесот на остварување на права од ПИО, го констатиравме следново:

- Во периодот од 1977 до 2005 година внесот на податоците за осигурениците од пријавите во системот се вршел рачно. До 1992 година за архивирање на документацијата се користела микрофилмска технологија. Во функција на потврдување и комплетирање на податоците за тој период, до пред извесен период се користел читач на микрофилмски ролни кој поради дотраеност и неможност за обезбедување резервни делови, повеќе не е во функција;
- Од 1996 до 2005 година архивирањето се врши преку скенирање на М пријавите во хартиена форма, кои обврзниците на редовна основа ги доставувале во подрачните единици на Фондот, како и пријавите за потврдување на стажот во постапката на решавање. Во исто време, т.е. почнувајќи од 1996 година во Фондот воведено е електронско следење на наплатата на придонесот за секој осигуреник посебно, што овозможило вршење контрола на доставените податоци од М пријавите.

  За периодот од 1992 до 1996 година Фондот не располага со архивирани документи за доставените М пријави, со што е оневозможено потврдување на внесениот стаж и основицата за платен придонес;
- По воведувањето на интегрирана наплата на придонесите од 2006 година, евидентирањето на податоците во матичната евиденција се врши автоматски со преземање на податоците од месечните пресметки и уплати на придонеси од ПИО, претходно одобрени од страна на Фондот, со што ризикот за неточни или невалидни податоци внесени во матичната евиденција е значително намален;
- Почнувајќи од 2011 година, со редовна годишна динамика Фондот преземал активности за дигитализација на ролни и складирање на документите на соодветни електронски медиуми преку економски оператори.

  По направениот увид и анализи, од страна на Фондот изготвена е Информација[11], според која од вкупно 2.594 микрофилмски ролни досега се

[11] Информација за потребата од продолжување на процесот на дигитализација на микрофилмската архива со податоци за стаж и плата до 1992 година.

дигитализирани 32% и преостануваат уште 1.316 ролни со околу 7.100.000 документи. Во текот на 2018 година не се користени услуги од економски оператор за дигитализација на микрофилмски ролни, туку е користен микрофилмски скенер, набавен во 2017 година. За поефикасна и побрза дигитализација се планира набавка на нови посовремени скенери и користење на услуги од економски оператори, за што е потребно и обезбедување доволно извршители на активностите. И покрај тоа што дигитализацијата се планира да продолжи, наведеното упатува на недоволен степен и интензитет на дигитализирање и електронско архивирање на документите, а со тоа и обезбедување соодветна достапност до истите;

- референтите и контролорите за матична евиденција во подрачните единици на Фондот имаат пристап до е-Архива во која се одложени дигитализираните микрофилмови и скенираните хартиени пријави, но истите не секогаш се користат при комплетирањето на податоците за стаж.

Неоспорувајќи ги досега преземените активности на Фондот за пренесување на документите и податоците и нивно архивирање во електронска форма, а имајќи предвид дека во досегашниот период ангажирани се значајни финансиски средства и човечки ресурси, со завршени 32% од вкупниот број микрофилмски ролни, ревизијата укажува на потребата од преиспитување на начинот на кој треба да се дигитализираат преостанатите микрофилмски ролни во наредниот период.

Утврдените состојби упатуваат на недоследно почитување на законски предвидените рокови за чување на документите и неможност за докажување на дел од фактите внесени во матичната евиденција, што создава ризици во делот на потврдување на веродостојноста, точноста и целосноста на регистрираните податоци, потребни за остварување на правата од ПИО.

Од друга страна осигурениците за кои нема податоци во матичната евиденција на Фондот, имаат големи потешкотии во обезбедување на потребната документација за докажување на стажот од соодветните правни субјекти и институции. Имено, најчесто станува збор за ликвидирани субјекти, за кои во Државниот архив не секогаш се наоѓа соодветната документација.

Неможноста за потврдување на податоците за стаж во одреден период во минатото поради горенаведените слабости и законските решенија за начинот на утврдување на стажот како основа за признавање на правото и за висината на пензија, го нарушуваат и доведуваат во прашање остварувањето на личните и материјални долгорочни права од ПИО (пред се правото на остварување на пензија) на дел од осигурениците кои немаат механизми за докажување на платен придонес за периодот во осигурување. Според анализите на Фондот до денот на ревизијата бројот на овој вид осигуреници кои имаат постигната возраст потребна за остварување на правото од ПИО изнесува 4.210 лица, со тренд овој број да расте во идниот период.

**Препораки**

Органите на управување и раководење на Фондот да преземат активности за:

- преиспитување на реалната потреба и начинот на дигитализирање на микрофилмски ролни и обезбедување складирање на документите на електронски медиум;
- покренување иницијатива до надлежното министерство за изнаоѓање на законско решение за обезбедување на остварување на право од ПИО во услови кога матичната евиденција не располага со соодветни податоци ниту истите можат да се обезбедат на друг начин.

### 4.5.2. Остварување на правата од ПИО

Со увид во воспоставениот систем на остварување на правата од ПИО, односно постапката за прием на барањата, решавање и контрола на пензиски предмети и воспоставениот електронски систем за следење и обработка на истите во централата и дел од подрачните единици на Фондот, преку тестирање на избран примерок ги утврдивме следните состојби:

- донесени се повеќе процедури[12] за одделни процеси, врз основа на стариот Закон за ПИО кој не е во важност од 2012 година. Со истите не се опфатени сите чекори во оваа постапка и не се прецизно определени документите кои се приложуваат кон барањето и кои се креираат во текот на постапката преку електронскиот систем. Не е предвидено потврдување со електронски потписи, соодветно на работното место на лицата задолжени за изработка и контрола, а кои треба да се составен дел на електронското и хартиеното пензиско досие.

Во текот на декември 2018 година изработено е Нацрт Упатство[13], со кое се уредува спроведувањето на процесите за остварување на права од ПИО, исплата на пензиски примања и наплата на штета преку воспоставениот електронски систем на Фондот, но до денот на ревизијата истото не е донесено;

- не е воспоставена целосна поделба на надлежностите и одговорностите поради недостиг на вработени вклучени во процесот на обработка на пензиските предмети и во поголем број од Филијалите не се назначени раководители што делумно се надминува со дадени овластувања. Недостигот на вработени во континуитет се зголемува и поради заминување во пензија;

[12] Процедура: Комплетирање на податоците за осигуреникот во матичната евиденција на Фондот кога е поднесено барање за остварување право од ПИО (бр.02-2004/1 од 24.03.2011 година), Процедура: Донесување на решение во прв степен од областа на ПИО во Филијала при ФПИОМ (бр.02-1877/1 од 22.03.2011 година); Процес за остварување право на семејна пензија од корисник и од осигуреник и семејна пензија по основ на неспособност (бр.02-2857/1 од 18.05.2012 година).

[13] Упатство за организацијата и начинот на вршење на работите во постапката за остварување права од пензиското и инвалидското осигурување, исплата на пензиските примања и користење на електронско пензиско досие преку воспоставување на електронски систем на Фондот.

- иако со воспоставување на електронскиот систем во 2010 година било предвидено хартиените пензиски досиеја постапено да се заменат со електронски и целата постапка да се спроведува само електронски, сеуште паралелно се изработува и циркулира хартиено досие. При обработката и комплетирањето на документацијата во пензиските предмети постои различна воспоставена пракса и постапување од страна на Филијалите. Приложената документација во хартиеното досие, пријави за потврдување на дополнително внесениот пензиски стаж и други докази, не секогаш целосно е скенирана и прикачена во електронското досие, а последната верзија на генерираните документи[14] често е само во хартиена форма. Имено, во електронското досие не се прикачени сите докази за потврдување на точноста и законитоста на утврденото право. Дотолку повеќе што во 2015 година за потребите за вршење ревизија на донесени решенија[15] дадено е упатство и воведена е обврска задолжително да се врши авторизирање, скенирање и прикачување на истите во електронското досие.

Имајќи ги предвид можностите за целосно електронско досие, наведеното оневозможува рамномерна распределба и оптоварување на подрачните единици за обработка и решавање на предметите.

Во текот на 2018 година[16] поднесени се вкупно 31.673 барања за остварување на правата од ПИО, од кои една третина во филијалата во Скопје, додека бројот на вработени не е во истиот соодносс.

- Ревизијата на решенија воведена од 01.01.2015 година[17] како трето ниво на контрола после контролите во матична евиденција и решавање од 01.04.2019 година е укината[18]. Имајќи предвид дека истата се вршела врз основа на некомплетните електронски досиеја и на донесени решенија влезени во постапка за исплата, а во услови на недоволен кадровски капацитет, истата не ги дала очекуваните резултати поради што и е укината.

Наведеното не е во согласност со одредбите од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и Законот за ПИО и упатува на тоа дека воспоставениот систем на остварување на правата од ПИО, не секогаш обезбедува точност и навременост во постапката и не се воспоставени доволно контроли за покривање на ризикот од неправилна примена на одредбите од законските и подзаконските акти и интерните акти и процедури.

Според добиените информации од Фондот во текот на 2019 година преземени се следните активности за:

---

[14] прегледите на податоци и пресметките за утврдување на пензиска основа;
[15] Член 132-а од Закон за ПИО.
[16] Податоци од Извештајот за работа на Фондот во 2018 година;
[17] Закон за изменување и дополнување на Законот за ПИО (Службен весник на РМ“ бр.113/14);
[18] Закон за изменување и дополнување на Законот за ПИО (Службен весник на РМ“ бр.245/18).

- одржување обуки за воедначен пристап при обработка и решавање на предметите за сите подрачни единици;
- систематизирање посебна организациона единица за внатрешна контрола;
- барање согласност на актите за внатрешна организација и систематизација и нови вработувања од надлежните министерства.

**Препораки**

Органите на управување и раководење на Фондот да ги преземат следните активности:

- донесување на Упатство за организација и начинот на вршење на работите во постапката за остварување на правата од ПИО и користење на електронско пензиско досие преку воспоставениот електронски систем на Фондот и усогласување со останатите интерни акти;
- продолжување на активностите за обезбедување согласности за вработување и пополнување на конкретни работни места за обработка и решавање на предметите во подрачните единици;
- продолжување на активностите за обезбедување согласност на актите за организација и систематизација на работните места;
- континуирано одржување обуки за воедначен пристап при обработка и решавање на предметите за сите подрачни единици и
- следење и контрола на комплетноста на документите во електронските досиеја и остварувањето на правото од ПИО.

### 4.5.3. Исплата на пензии

Со увид во воспоставениот систем на исплата на пензиски примања и електронскиот систем за следење и обработка на финансиските досиеја во централата на Фондот, со цел потврдување на навременоста, точноста и регуларноста на исплатените пензиски примања ги утврдивме следните состојби:

- донесените интерни акти со кои се уредуваат постапките и контролите во овој процес, не се целосно ажурирани согласно барањата на воспоставениот електронски систем и креирањето електронско финансиско досие;
- не е предвидено усогласување на податоците помеѓу одделението за исплата на пензии и одделението за сметководство во однос на пресметаниот износ за исплата, конечната исплата и евиденција по банки и корисници поради што постои ризик од нереално прикажување на расходите за исплата на пензии во деловните книги на Фондот;
- хартиените финансиски досиеја во кои се приложува документацијата поврзана со исплатата без соодветна заштита се чува во архивата на Одделението за исплата на пензиски примања. Имајќи ја предвид не

комплетноста на електронските досиеја, постои ризик од губење на дел од документацијата со која би се потврдила законитоста на исплатата;

- иако во електронскиот систем има вградени контроли и автоматско преземање на податоците за корисниците, износите за исплата и коефициентите за усогласување, се случува поради одредени технички проблеми и пад на системот, податоците да не се преземат целосно и разликата да не се пресмета правилно. Постои мала извесност дека ќе се направат потребните корекции без реакција на корисникот;
- и покрај преземените активности за поврзување на базите и комуникација со надлежните институции и филијалите за доставување на потребните информации и документација (школски потврди, потврди за живот и информации за починати корисници[19]) истите не секогаш навремено и комплетно се добиваат. Исто така, во електронскиот систем нема вградена контрола за престанок на правото на семејна пензија во случаите кога корисникот навршил или засновал работен однос пред навршување 26 години и за истите мора рачно да се провери и интервенира во системот за исплата. Поради наведеното постои ризик да се изврши исплата на корисници кои не ги исполнуваат условите и навремено да не се бара донесување решение за престанок на право и ставање во мирување на исплатата;
- во случаите кога ќе се утврди извршена исплата на пензии по истекот на законски утврденото право се отвораат посебни предмети за штети и се евидентираат побарувања кои на 31.12.2018 година изнесуваат 241.604 илјади денари. Активностите за поврат на повеќе исплатените средства од деловните банки преку Управата за финансиската полиција се реализираат со забавена динамика, а преземените активности од страна на Фондот за враќање на долгот со покренување на постапка за надоместокот на штета од корисниците не ги дава очекуваните резултати;
- и покрај тоа што со Законот за ПИО се предвидени дополнителни исплати на пензии за период најмногу до три години наназад во услови на околности предизвикани од корисникот на правото предвидени со закон, во системот на Фондот не се вградени автоматски ограничувања за истото. Од друга страна, констатирани се и слабости при доставување, скенирање и електронско одложување на документацијата за докажување за исполнување на условот за дополнителните исплати. Наведеното создава ризик за противправна исплата на пензии;
- во одделението за исплата тековно се одобруваат еднократни доплати на високи износи на пензии остварени согласно меѓународни договори за социјално осигурување за остварено право за пред повеќе години. Имено, поради забавената комуникација и размена на информации и пропишаните обрасци со пензиските фондови во странство, решенијата за

[19] Воспоставена е електронска комуникација со Управата за водење матични книги

право се донесуваат со задоцнување од повеќе години по доставено барање и тоа за период на важност на стариот Закон за ПИО. Истото влијае на ненавремено остварување на правото на корисниците и еднократна исплата на високи износи кои се дополнително финансиско оптоварување на Фондот.

Наведеното не е во согласност со одредбите од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и Законот за ПИО и упатува на тоа дека воспоставениот систем на исплата на пензии, не секогаш обезбедува навременост и точност во постапката и не се воспоставени доволно контроли за покривање на ризикот од неправилна примена на одредбите од законските и подзаконските акти и интерните акти и процедури.

**Препораки**

Органите на управување и раководење на Фондот да преземат активности за:

- ажурирање на процедурите за исплата на пензиските примања и донесување на интегрирано Упатство за користење на електронскиот систем на Фондот и обезбедување на нивна имплементација;
- навремено обезбедување на потребните податоци и воспоставување контроли за оневозможување на исплата на пензиски примања во случаи на починати корисници или недонесени потврди за живот или редовно школување;
- интензивирање на мерките за поврат на средствата од лицата кои имаат заостанат долг за незаконска и неправилно извршена исплата на пензија;
- редовно усогласување на пресметаниот со исплатениот износ на пензиски примања.

### 4.5.4. Времена пензија

Согласно Закон за ПИО почнувајќи од 2004 година, во услови кога е утврдено постоење на општа или професионална неспособност за работа со право на пензија, предвидена е обврска корисникот на инвалидска или семејна пензија по основ на инвалидност да се јави на задолжителен контролен преглед. Со истиот се потврдува или не утврдената инвалидност врз основа на која е остварено правото. а доколку корисникот не се јави на преглед, правото престанува. Исто така, со контролниот преглед може да се смени степенот на способност за работа.

До донесување на решение по задолжителен контролен преглед, кој се врши во рок од една а најдоцна до две години, на корисникот му се исплаќа времена инвалидска пензија.

Со Законот за ПИО[20] во управна постапка е обезбедена двостепеност во решавања на правата од ПИО, а согласно Законот за општа управна постапка против решението се изјавува жалба. Во исто време уредено е дека „жалбата не го одлага извршувањето на решението освен ако со жалбата се напаѓа оцената за утврдувањето на инвалидноста". Од тоа произлегува дека решенијата со кои се остварува право од ПИО по основ на инвалидност не се конечни со поднесувањето на жалбата.

Со воведувањето на задолжителен контролен преглед со кој може да се смени правото и исплатата на времена инвалидска пензија, оваа законска одредба предизвикала потешкотии во практичната имплементација. Имено, се до конечност на решението на корисникот му се врши исплата на пензија. Во случај кога со конечност на решението ќе се потврди дека кај лицето не постои инвалидност, се изготвуваат пресметки на штети настанати поради неосновани исплати.

Согласно податоците од Фондот, во 2017 година за 25 предмети пресметани се штети во вкупен износ од 3.602 илјади денари, а за 2018 година за 44 предмети пресметана е штета во износ од 10.753 илјади денари, што упатува на значајни материјални штети и неоснован одлив на средства од буџетот на Фондот.

Од друга страна со законските решенија не е уредено мирување на работен однос во услови кога е доделена времена инвалидска пензија, поради што осигурениците на кои им се укинува инвалидската пензија остануваат незаштитени во делот на правата и обврските од работен однос.

Ваквите околности значајно ја отежнуваат наплатата на побарувањата по овој основ, особено поради недоволните механизми за присилна наплата со кои располага Фондот и несоодветни законски решенија за обезбедување на исплатените времени пензии.

За надминување на овие состојби Фондот во повеќе наврати поднел иницијативи за измени во Законот за ПИО во насока на укинување на одредбата од Законот за ПИО[21], со која е уредено исплаќање на времена инвалидска, односно семејна пензија до донесување на решение по извршен задолжителен контролен преглед. Последната предлог измена на Законот за ПИО до надлежното министерство е доставена во ноември 2017 година, но до денот на ревизијата измените не се направени.

**Препораки**

Органите на управување и раководење на Фондот во соработка со надлежното министерство да преземат активности за измена на законските одредби за уредување на правото на времена пензија.

[20] Член 134 став 2;
[21] Член 130 став 6 од Закон за ПИО.

Органите на управување и раководење на Фондот да преземат активности за интензивирање на наплатата на штети по основ на времени пензии.

**Основ за воздржување од давање мислење**

Вкупниот ефект од утврдените состојби во точка 4, кои претставуваат основ за воздржување од давање мислење е:

- недоволната ажурност, потполност и компатибилноста на базите на податоците од различни институции и несоодветната соработка со институциите во размената на податоците влијаат на комплетноста и реалноста на прикажаните приходи и побарувања;
- воспоставениот систем на остварување на правата од ПИО и исплатата на пензиите кој не секогаш обезбедува точност, навременост и законитост во постапувањето влијае на реалноста на утврдените права и точноста на расходите за исплатени пензии.

## 5. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата објаснети во точката 4. не бевме во можност да прибавиме достатни и соодветни ревизорски докази како основа за мислење. Следствено не изразуваме мислење за елементите од финансиските извештаи на Фондот за пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, на ден 31 декември 2018 година кои беа предмет на ревизија.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Поради значењето на прашањата објаснети во точката 4. не сме во можност да изразиме мислење за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во елементите од финансиските извештаи на Фондот за пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Останати прашања

6.1. Во Законот за ПИО предвидено е загарантирано право на најнизок износ на пензија доколку утврденото право по закон е пониско од истиот. Во зависност од должината на пензискиот стаж предвидени се три групи на пензии со различен износ.

Освен тоа, во Законот за ПИО предвидено е ограничување за највисок износ на

пензија, доколку утврденото право по закон е повисоко од истиот, а еднаш определената највисока пензија повторно не се определува.

Најниските и највисоките пензии за сите три групи, се разликуваат за различни три периоди кога е остварено правото поради законските решенија кои во тој период важеле. Дополнително, највисоките пензии почнувајќи од 2015 година, секоја година се определуваат во различен износ.

Поради тоа во декември 2018 година на име најниски пензии тековно се исплатуваат девет различни износи кои се однесуваат на 74.251 корисници, а на име највисоки износи се исплатуваат шест различни износи кои се однесуваат на 1.265 корисници. Податоците се прикажани во табелите подолу.

**Табела бр. 1.** Највисоки износи на пензија

| **Највисок износ на пензија во декември 2018 година** | | |
|---|---|---|
| **остварено право** | **износ** | **корисници** |
| до 31.12.1996 година | 41.063 | 134 |
| од 01.01.1997 година | 38.213 | 51 |
| од 01.01.2002 година | 39.837 | 939 |
| од 01.01.2016 година | 50.248 | 44 |
| од 01.01.2017 година | 49.935 | 46 |
| од 01.01.2018 година | 49.811 | 51 |
| **Вкупно** | | **1.265** |

**Табела бр. 2.** Најниски износи на пензија

| **Најнизок износ на пензија во декември 2018 година** | | |
|---|---|---|
| **Остварено право** | **износ** | **корисници** |
| **до 31-12-1996 година** | | |
| I Група | 11.574 | 2.573 |
| II Група | 11.331 | 3.698 |
| III Група | 11.020 | 9.769 |
| **од 01.01.1997 година** | | |
| I Група | 9.986 | 552 |
| II Група | 9.431 | 1.252 |
| III Група | 8.873 | 4.483 |
| **од 01-01-2002 година** | | |
| I Група | 10.521 | 5.482 |
| II Група | 9.936 | 12.072 |
| III Група | 9.354 | 34.370 |
| **Вкупно** | | **74.251** |

Дополнително, во теркот на решението за остварено право е наведен износот утврден по закон, а доколку корисникот има право на најниска пензија наведена е само групата (ПРВА, ВТОРА, ТРЕТА) но не и износот кој реално ќе се исплатува. Износот кој реално ќе се исплатува не е наведен ниту во решенијата кои се однесуваат на највисоките пензии, каде се наведнува членот на законот со кој е определен највисокиот износ. Ова влијае на соодветна информираност за висината на реалниот износ на пензија.

Ваквото законско уредување влијае корисниците на исти права да се ставени во нерамноправна положба и го доведува во прашање почитувањето на начелото на социјална праведност предвидено во член 3 на Законот за ПИО на кое се базира остварувањето на правата од првиот пензиски столб.

Ревизијата е на мислење дека надлежното министерство треба да преземе активности за преиспитување на законските решенија и воедначување на износите за исплата за најниските, како и износите за највисоките пензии во функција на обезбедување почитување на начелото на социјална праведност предвидено со член 35 од Уставот на РСМ.

6.2. Почнувајќи од 01.01.2016 година, согласно измените за Законот за ПИО, воведена е можноста за осигурениците кои имаат статус на индивидуални земјоделци, да го исполнат условот за остварување на право на старосна пензија. За правилна примена на законските измени, на крајот на 2015 година до сите подрачни единици доставени се насоки за постапување.

Право на пензија имале сите индивидуални земјоделци кои стапиле во земјоделско осигурување до 27.08.2015 година. Во стаж на осигурување предвидено е да се смета и времето поминато во осигурување според Законот за старосно осигурување на земјоделците кој важел од 1978 до 1988 година, доколку биле пријавени и бил платен придонесот. Со измените на Законот дадена е можност за доплата на придонесот, само за период до исполнување на условот за старосна пензија, 15 години стаж.

Стажот за периодот на важење на Законот за старосно осигурување на земјоделците се потврдува со приложено уверение од УЈП за платени придонеси за одреден период.

Основица за пресметка и плаќање на придонес за индивидуалните земјоделци согласно законот изнесува 20% од просечно исплатената месечна плата по работник[22].

[22] Податок објавен во јануари тековната година според податоците на Државен завод за статистика

Дадените можности за исполнување на условот за старосна пензија, преку признавање на стаж за период до 1989 година со приложување на уверение од УЈП и доплата на придонес за период по 1989 година на значајно пониска основица во однос на редовната, влијаат оваа категорија на осигуреници да се во значајно поповолна положба во однос на останатите осигуреници од работничко осигурување, кои мора да докажат стаж на осигурување т.е. платен придонес на полна плата за полни 15 години, имајќи предвид дека и едните и другите остваруваат право на минимална пензија од трета група.

Наведеното го доведува во прашање почитувањето на начелото на социјална праведност предвидено во член 3 на Законот за ПИО на кое се базира остварувањето на правата од првиот пензиски столб.

Ревизијата е на мислење дека надлежното министерство треба да преземе активности за соодветно законско решение за обезбедување социјална сигурност на земјоделците како и обезбедување на подеднакви услови на остварување на минимална социјална сигурност на осигурениците без разлика на нивниот статус.

**Преглед на дел од позиции од**
**Билансот на приходи и расходи**
**опфатени со ревизијата за 2018 година**

во 000 ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2018 | 2017 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.1. | 39.337.370 | 36.768.107 |
| Трансфери и донации | 3.2. | 29.391.981 | 29.639.458 |
| **Вкупно приходи** | | **70.205.918** | **66.502.392** |
| **Расходи** | | | |
| Социјални бенефиции | 3.3.1. | 68.153.124 | 64.735.103 |
| **Вкупно расходи** | | **68.544.213** | **65.148.943** |

**Преглед на дел позиции од**
**Билансот на состојба**
**опфатени со ревизијата за 2018 година**

во 000 ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2018 | 2017 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Побарувања | 4.1.1. | 12.910.246 | 13.536.082 |
| | | | |
| **Вкупна актива** | | **26.638.264** | **27.955.843** |

# Известување за извршена проверка

**на преземените мерки од страна на субјектот предмет на ревизија, во врска со утврдените состојби и дадените препораки содржани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор бр. 02-3843/1 од 31.08.2018 година за Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија**

| Препорака број | Врска со наодот од КИ | Содржина на препораката | Статус на препораката* | Преземени мерки Коментар на субјектот | Коментар на ревизорот |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | 4.1.1. | Директорот и одговорните лица во Фондот да преземат активности:<br>- за изработка на ново Упатство за организацијата и начинот на вршење на работите во постапката за остварување на правата од ПИО и користење на електронско пензиско досие преку воспоставениот електронски систем на Фондот;<br>- да се обезбедат соодветни капацитети за извршување на работните задачи и спроведување контроли во процесот на остварување на правата од ПИО и скенирање на потребната документација во електронскиот пензиски предмет; | ВТ | - Во тек е изготвување на ново Упатство за организацијата и начинот на вршење на работите во постапката за остварување на правата од ПИО и користење на електронско пензиско досие преку воспоставениот електронски систем на Фондот;<br>- Раководителот на одделението за внатрешна ревизија, со согласност од Директорот на Фондот | Дел од состојбите не се надминати за што е соодветно известено во овој Извештај |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | - за обезбедување на воедначен пристап за работа и комплетирање на документацијата во електронски пензиски предмет од страна на лицата инволвирани во процесот на остварување на правото од ПИО;<br>- Раководителот на внатрешната ревизија да преземе активности за зголемување на опфатот при планирање на вршење на ревизија во делот на остварување на правата од ПИО. | | донел Стратешки и Годишен план за извршување на ревизија за 2019 година број 17-5608/3 од 13.12.2018 година, во кој е предвидено спроведување на ревизија во делот на остварување на правата од ПИО во Филијлите на Фондот во текот на 2019 година. | |
| | 4.1.2 | Директорот и одговорните лица во Фондот да преземат активности за:<br>- за изработка на ново Упатство за организацијата и начинот на вршење на работите во процесот на исплата на пензиски примања и користење на електронско пензиско досие преку воспоставениот електронски систем на Фондот;<br>- ажурирање на процедурите за исплата на пензиските примања;<br>- интензивирање на мерките за поврат на средствата од лицата кои имаат | ВТ | -Во тек е изработка на ново Упатство за организацијата и начинот на вршење на работите во процесот на исплата на пензиски примања и користење на електронско пензиско досие преку воспоставениот електронски систем на Фондот. | Дел од состојбите не се надминати за што е соодветно известено во овој Извештај |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | заостанат долг за незаконската и неправилно извршената исплата на пензија. | | Фондот преку одделението за правни работи, ќе ги преземе сите активности за поврат на средствата од лицата кои имаат заостанат долг за незаконската и неправилно извршената исплата на пензија согласно законските можности. | |
| | 4.1.3 | Директорот и одговорните лица во Фондот да преземат активности за:<br>- изготвување писмени нарачки до добавувачите со потврда за извршениот прием на истите;<br>- ажурирање на постоечките интерни акти и процедури/донесување нови за процесот на набавки и плаќање и нивно континуирано преиспитување и усогласување согласно законската регулатива и прописи;<br>- донесување на решение/ја за овластување на лица одговорни за преземање на финансиски обврски; | ВТ | Нарачките до добавувачите во 2018 година одат исклучиво со писмени нарачки.<br>Донесена е нова процедура за процесот на набавки и плаќање бр.02-5196/1 од 20.11.2018 година со шифра 8.4.1 и континуирано се преиспитуват, се усогласуват согласно законската регулатива и прописи решение/ја за овластување на лица одговорни за преземање на финансиски обврски, ќе | Активностите за изготвување и донесување на процедура за начинот на следење на реализацијата на договорите за јавни набавки се во тек.<br><br>Потврдување на преземените мерки по оваа препорака ќе се направи со следна ревизија на регуларност. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | - воспоставување на сеопфатна евиденција (по количини, цени, вредност) за следење на фактурираната реализација по склучените договори за јавна набавка;<br>- овозможување на внес на податоци за датум на валута на фактурите во рамките на апликацијата за финансиско работење;<br>- зајакнување на ex-post финансиската контрола. | | биден донесен со новиот буџет за 2019 година.<br>- Во тек е изготвување на апликација - воспоставување на сеопфатна евиденција (по количини, цени, вредност) за следење на фактурираната реализација по склучените договори за јавна набавка.<br>Во тек е изготвување на апликација за внес на податоци за датум на валута на фактурите во рамките на апликацијата за финансиско работење.<br>Во текот на 2019 година ќе се превземат активности за зајакнување на ex-post финансиската контрола. | |
| | 4.1.4 | Фондот да преземе соодветни мерки и активности за:<br>- воспоставување на кадровски капацитети во делот на пропишаната организациона структура на Секторот за информатика; | ВТ | Објавен јавен оглас број 317/2018 година за три нови вработувања во ИТ секторот.<br>Во тек е изработка на документ за стратешко планирање за развој на информацискиот систем во | Дел од состојбите не се надминати за што е соодветно известено во овој Извештај |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | - изготвување на документ за стратешко планирање за развој на информацискиот систем и<br>- физичко сместување/чување на магнетните медиуми (ленти) во согласност со стандардите за информатичка безбедност. | | соработка со МТСП и подржан од Светска Банка.<br>Во просториите на Фондот постои дислоцирана локација со два огноотпорни сефа во кои се сместуваат архивски копии на бекап.<br>Просториите се под 24 часовен мониторинг на безбедносна служба и видео надзор.<br>Во тект на 2019 година во планот за јавни набавки ќе бидат предвидени средства за набавка на нови сефови кои ќе бидат сместени во централата на Фондот | |
| | 4.2.1 | Раководното лице да ги применува критериумите од интерните акти при распоредување на вработените.<br>Раководното лице да преземе активности во делот на пресметка на платите, применувајќи ја вредноста на бодот утврден од страна на Владата на РМ. | ВТ | МТСП на 07.11.2018 година доставил предлог измени и дополнувања на законот на ПИО, со законски решенија за усогласување на статусот на вработените во Фондот со Законот за административни службеници. | Потврдување на преземените мерки по оваа препорака ќе се направи со следна ревизија на регуларност. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 4.2.2 | Ревизијата препорачува Управниот одбор на Фондот да пристапи кон распишување на јавен конкурс за именување на директор согласно законско утврдените одредби. | СП | УО на Фондот донел Олука за именување директор на Фондот бр.02-5336/1 од 29.11.2018 година. | |
| | | Раководното лице на Фондот да продолжи со започнатите активности за доекипирање на Одделението за внатрешна ревизија согласно утврдените законски одредби. | ВТ | Раководителот на субјектот во наредниот период ќе продолжи со активности за добивање на согласности од релавантните институции за доекипирање на одделението за внатрешната ревизија согласно законските одредби. | Потврдување на преземените мерки по оваа препорака ќе се направи со следна ревизија на регуларност. |
| | 4.2.5 | Надлежните органи за управување и раководење со Фондот во соработка со надлежното министерство да преземат активности за добивање на согласност и пополнување на предвидените работни места во Отсекот за актуарство. | ВТ | Со донесување на новиот акт за систематизација и во соработка со Светска банка ќе бидат обучени лица за актуарци. | Дел од состојбите не се надминати за што е соодветно известено во овој Извештај |
| | 4.2.5 | Раководното лице на Фондот да преземе активности склучувањето на договорите за извршување на самостојна работа да се заснова на одредбите од соодветниот закон | СП | Во текот на 2018 година согласно препораката на ДЗР | Потврдување на преземените мерки по оваа препорака ќе се направи со следна |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | по кој се постапува и негова целосна и соодветна примена. | | се спроведени тие критериуми. | ревизија на регуларност. |
| | 4.2.8 | Директорот на Фондот во соработка со надлежните органи да ги интензивира активностите за разрешување на состојбите со неалоцираните и нераспоредените средства по основ на уплатен придонес за пензиско и инвалидско осигурување. | ВТ | Фондот во текот на 2018 година, неколку пати се обратил до надлежните органи во врска со разрешување на неалоцираните и нераспоредените средства по основ на уплатен придонес за пензиско и инвалидско осигурување и формирано е посебно одделение кое има обврска да ги разреши неконзистентните уплати. | Дел од состојбите не се надминати за што е соодветно известено во овој Извештај |
| | 4.2.9 | Раководителот на субјектот во соработка со другите инволвирани страни да ги обноват активностите за ревидирање на договорот склучен помеѓу Фондот и УЈП за меѓусебна размена на податоци за обврзниците за плаќање на придонесите, пресметката и уплатата на придонесите, вградувајќи одредби кои ќе обезбедат размена на податоци со регионалните дирекции на УЈП за основица на задолжување и за платениот | ВТ | Фондот неколку пати се обратил до УЈП со барање за ревидирање на постоечкиот договор за кој што е запознаен и МТСП, сеуште немаме одговор на нашето барање. | Дел од состојбите не се надминати за што е соодветно известено во овој Извештај |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | придонес за ПИО за индивидуалните земјоделци, свештени лица и други физички лица. | | | |
| | 4.2.10 | Одговорните лица во Фондот да преземат активности за изготвување на процедура и воспостават пракса за доставување податоци од Одделението за наплата на придонес на редовна основа за износот на побарувањето и извршената уплата од страна на Фондот за здравствено осигурување. Исто така, да се изврши попис на побарувањата на крајот на годината и воспостави соодветна евиденција во Билансот на состојба. | ВТ | Фондот заедно со ФЗОМ се обратил до УЈП со барање за корекција на сметката на налогот придонес за ПИО кој ФЗОМ го плаќа за корисниците за надоместок. УЈП со допис бр.20-3980/1 од 16.07.2018 година го известил Фондот дека барањето е исполнето, односно на приходното конто 843-219 со прихидна шифра 712-412 ќе се прикажуваат тие средства. Фондот од 09.08.2018 година, ги евидентира уплатите на претходно наведеното конто, исто така со пописот за 2018 ќе воспостави соодветна евиденција во Билансот на состојба. | Во 2019 година УЈП овозможува пристап на Фондот за корекција<br><br>Дел од состојбите не се надминати за што е соодветно известено во овој Извештај |
| | 4.2.11 | Одговорното лице во Фондот да преземе активности исплатата на надоместоците да | СП | Во однос на оваа точка Фондот во текот на 2018 година нема извршено | Потврдување на преземените мерки по оваа препорака ќе се |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | се врши согласно Законот за извршување на буџетот. | | награди за работна успешност. | направи со следна ревија на регуларност. |
| | 4.2.13 | Одговорното лице на Фондот и вработените во одделението за стопанисување со имотот на Фондот да продолжат со преземање на мерки за расчистување на имотно правните односи, и обезбедување на вердостојни документи за евидентирање на објектите. | ВТ | Фондот ќе продолжи со активностите за расчистување на имотно правните односи и обебзбедување на документи за евидентирање на објектите. Исто така Фондот има доставено барање до Министерството за транспорт и врски за добивање согласност за легализација на тие објекти. | Потврдување на преземените мерки по оваа препорака ќе се направи со следна ревија на регуларност. |
| | 4.2.14 | Одговорните лица во Фондот да преземат активности за сметководствено евидентирање на постојните средства добиени по основ на затворени стечајни постапки согласно утврдените законските одредби. | СП | Фондот презема активности односно имотот добиен по основ на затворени стечајни постапки вон билансно ги евидентира во сметководството согласно законските одредби. | Потврдување на преземените мерки по оваа препорака ќе се направи со следна ревија на регуларност. |
| | 4.2.15 | Одговорните лица на Фондот да преземат активности за корекција на несоодветно евидентираните трансакции во деловните книги. | ВТ | Фондот ќе преземе активност за корекција на евидентираните средства од контото 0092 во конто 04810 акции од приватизација. | Потврдување на преземените мерки по оваа препорака ќе се направи со следна ревија на регуларност. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 4.2.16 | - Одговорните лица на Фондот да преземат дополнителни активности и зајакнување на контролните мерки за:<br>- навремено откривање и постапување по утврдени неправилности по основ на повеќе исплатени пензии и продолжување со активностите за преземање на сите правни дејства за нивна наплата, а во случај на неможност за наплата со целосна анализа за причините со пописот да се предложи отпис на истите и врз основа на одлука да се изврши евидентирање на настанатите трансакции во деловните книги;<br>- пописот на побарувањата да се врши под датум 31.12. од тековната година, а за сите дополнителни настани евидентирани во сметководствената евиденција да бидат додадени во пописната листа и вклучени во Извештајот од извршениот попис и Одлуката за усвојување донесена од Управен одбор на Фондот. | ВТ | ПИОМ редовно се обраќа до деловните банки за поврат на повеќе исплатените средства по основ на пензии, пошто банките извршуваат поврат на тие средства.<br>Доколку се констатира дека не е извршен повратот при исплата на солидарен фонд, се бара да изврши поврат на исплатените пензии.<br>Со пописот од 2018 година Фондот ќе направи детална анализа на причините и на Управниот одбор ќе и предложи отпис на тие побарувања и врз основа на одлуката ќе изврши евидентирање на настанатите трансакции во деловните книги.<br>Со пописот од 2018 година Фондот ќе превземе активности за спроведување на квалитетен и точен попис заклучно со 31.12.2018 година и | Дел од состојбите не се надминати за што е соодветно известено во овој Извештај |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | сите ќе бидат додадени во пописната листа и вклучени во Извештајот | |
| | 4.2.17 | - Одговорните лица на Фондот да преземат мерки и активности за квалитетно извршување на пописот на начин предвиден согласно законските и подзаконските акти за да се обезбедат податоци за усогласување на сметководствената со фактичката состојба. | СП | Со пописот од 2018 година Фондот ќе превземе активности за спроведување на квалитетен и точен попис заклучно со 31.12.2018 согласно предвидените законски и подзаконски акти за да се обезбедат податоци за усогласување на сметководствената со фактичката состојба | Потврдување на преземените мерки по оваа препорака ќе се направи со следна ревија на регуларност. |
| | 4.2.18 | Одговорното лице во Фондот да обезбеди услови за примена на актот за репрезентација и контрола на примената на неговите одредби. | ДС | Управниот одбор на седница одржана на 27.02.2018 година, донел Правилник за начиот и намената за користење на средствата за репрезентација на Фондот бр.02-1102/1 со кој е уреден начинот на користење на средства на репрезентација.<br>Согласно член 2 алинеја 2 од правилникот Фондот спровел | Потврдување на преземените мерки по оваа препорака ќе се направи со следна ревија на регуларност. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | постапка за јавна набавка согласно член 17 од ЗЈН.<br>На 03.09.2018 година, Фондот има склучено договор за набавка на угостителски услуги за потребите на Фондот со бр.20-3194/11. | |
| | 4.2.19 | Комисијата за ЈН да врши евалуација на понудите согласно поставените критериуми во тендерската документација. во делот на проверка на валидноста и комплетноста на документацијата за утврдување на способност на понудувачите. | ВТ | | Потврдување на преземените мерки по оваа препорака ќе се направи со следна ревија на регуларност. |

***СП**-спроведена, **ДС**- делумно спроведена, **ВТ**- во тек, **НС**- не спроведена, **НП**- не применлива

ФОНД НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
FONDI I SIGURIMIT PENSIONAL DHE INVALIDOR I MAQEDONISË SË VERIUT
Улица „23 Октомври" бр. 11, 1000 Скопје | Тел: (02) 3250 100; Емаил: info@piom.com.mk
Rruga "23 Oktomvri" nr. 11, 1000 Shkup | Tel: (02) 3250 100; Email: info@piom.com.mk

Бр. 02-4116/1
19.09 .2019 година

До
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
Палата "Емануел Чучков"
Ул.Јордан Мијалков бб Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar më: | 23.09.2019 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj. org. | Број Nr. | Прилог Shtojcë | Вредност Vlera |
| | 16-136/7 | | |

ПРЕДМЕТ: Известување
ВРСКА:Ваш број 16-136/5 од 22.08.2019 година

Почитувани,

Во однос на Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор за извршената ревизија на **дел од елементите на финансиските извештаи за 2018 година, на Фондот** на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, менаџерскиот тим на Фондот го разгледа Нацрт извештајот.

Ве известува дека извештајот ја прикажува објективната слика на работењето на Фондот во услови кога има неусогласеност на законската регулатива ,недостаток на потребен кадар за спроведување на дејноста на Фондот, како и недостаток на квалитетни податоци кои ги добива Фондот од другите институции, а кои се неопходни за спроведување на пензиското и инвалидското осигурување.

Со почит,

Директор
Shaip Zeneli

Изработил :Ajredin Amzai
Согласни /Одобриле :
Јадранка Јовановска Атанас Манчев